# 2019

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЦЕНТАР ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО
ПРОМЕНИ



НИКОГАШ НЕ СЕ СОМНЕВАЈТЕ ДЕКА МАЛА ГРУПА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ,
ПОСВЕТЕНИ ЛУЃЕ МОЖАТ ДА ГО ПРОМЕНАТ СВЕТОТ.
ДОТОЛКУ ПОВЕЌЕ ШТО НИКОГАШ ПОИНАКУ НЕ Е ПОСТИГНАТА УСПЕШНА ПРОМЕНА.

Margaret Mid

# СОДРЖИНА


ВОВЕД 4

НОСЕЊЕ ПРОМЕНИ – ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 7

ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ 9

ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ БАЗИРАНИ НА ДОКАЗИ ВО СЕКТОРОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ 12

МОИ ПАРИ, МОЈА ОДГОВОРНОСТ: ПАРТИЦИПАТИВНО РАКОВОДЕЊЕ СО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА 14

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА 16

НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ ПОМЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И МСП ВО ЗЕМЈАТА 18

РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ 20

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ ОД ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС 22

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 01.01.2019 - 31.12.2019 23

2019 година беше година во која конечно се отворија евроатланските перспективи за Република Северна Македонија, по компромисот со името и потпишувањето на Преспанскиот договор. Се чинеше дека на овој начин процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ и НАТО е одблокиран и Владата ги насочи сите свои ресурси и капацитети во таа насока.

Годината помина во неизвесност, со технички проблеми како резултат на изборите во Шпанија и неможноста да се состави Влада која ќе го ратификува протоколот за Република Северна Македонија, но процесот на зачленување во НАТО алијансата стана посигурен кон крајот на годината. Сепак, интерните проблеми на ЕУ и големото „НЕ" на Франција за членство на Република Северна Македонија на Европскиот Самит во октомври доведоа до одлагање на почетокот на преговори, внатрешни политички превирања и закажување на предвремени избори. Новата методологија за отпочнување на процесот на преговори која ја најави Франција и ЕУ крие многу непознаници, бидејќи за прв пат ќе се применува во новиот бран на проширување, но секако исходот ќе зависи од нас во однос на тоа колку брзо ќе се реформираме.

■ ■ ■

И оваа година Центарот за управување со промени своите приоритети ги насочи кон областа на добро управување во јавната администрација, еден од темелните услови во процесот на приближување кон Европската Унија. Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и СИГМА работевме на подготовка на тезите за Законот за висока раководна служба и подзаконските акти, со кои се утврдува јасна дистинкција меѓу политичкото и професионалното ниво на управување, како една од мерките на деполитизација на јавната администрација на највисокото раководно ниво.

Го помогнавме МИОА во изготвување на Каталогот на јавни услуги преку внес на 1300 услуги регулирани во посебни закони. Ова беше клучен чекор за да може воопшто да отпочне да функционира Националниот портал на услуги, преку кој граѓаните можат на едноставен начин да најдат информации за услугите или да ја обезбедат потребната документација.


Неда Малеска Сачмароска

Работевме со Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Министерството за образование и наука (МОН) и Секретаријатот за европски прашања (СЕП) на подготовка на функционалните анализи, но и засилување на секторските линии на отчетност, како еден од идните клучни приоритети во реформите на јавната администрација.
Оваа година го отпочнавме долгогодишниот проект за поддршка на парламентарната демократија и зајакнување на надзорната и законодавната улога на Собранието. Првиот чекор, постигнување на поголема независност на Собранието, беше направен со измените на Законот за Собранието во чија дебата и подготовка учествуваше и ЦУП, во координација со водечкиот партнер на проектот Националниот демократски институт (НДИ).

■ ■ ■

Во рамки на социо-економската програма работевме на поврзување на домашните и мултинационалните компании и поддршка на женското претприемништво. Активностите кои ги реализиравме доведоа до воспоставување на директни контакти, нови партнерства и можности за соработка помеѓу мултинационалните и домашните компании. Воедно, со активностите за јакнење на женското претприемништво, обучивме и поддржавме околу седумдесетина жени потенцијални претприемачки од регионот на Полог и Елбасан и им обезбедивме информации за пристап до фондови.

■ ■ ■

Конечно, преку институтционалниот грант од ЦИВИКА мобилитас имаме време оваа и следната година да се посветиме и на јакнење на нашите внатрешни капацитети, подобрување на системите и процедурите на работење на ЦУП и наше позиционирање во евроинтегративните процеси. Овие мерки се во насока на уште поуспешна реализација на проектите и придонес кон важните општествени промени.

Продолжуваме понатаму, со уште поголема енергија, ентузијазам и посветеност и во следната година.

Неда Малеска Сачмароска
Извршен директор




# Центар за Управување со Промени

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Центар за управување со промени е водечка think tank организација во областа на модернизација на јавната администрација. ЦУП е клучен соработник на надлежните институции и во текот на 2019 година придонесе за јакнење на системот на заслуги, воспоставување на стратешка отчетност меѓу институциите, креирање политики засновани на докази, инклузивно планирање на буџетот, но и го поддржа спроведувањето на функционални анализи и подобрувањето на испораката на јавни услуги.



## НОСЕЊЕ ПРОМЕНИ – ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамки на крупната програма за поддршка на процесот на реформи во јавната администрација, финансирана од Британската амбасада во Скопје, дадовме поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација како главна институција во координација на реформите во јавната администрација, но работевме непосредно и со Секретаријатот за европски п рашања, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика.

Проектот даде поддршка во рамки на 4 компоненти:

- Воспоставување систем на вработување на врвно раководство врз основа на заслуги
- Воспоставување структури и процеси на отчетност
- Подобрување на системот на управување со човечки ресурси
- Унапредување на јавните услуги.

За првпат се воведува реформа во системот на вработување на врвното раководство преку воведување на Закон за висока раководна служба. Изработката на Предлог – Законот беше поддржана во оваа програма, заедно со изработката на подзаконските акти кои ќе произлезат од ова законско решение. Преку оваа законска рамка се реформира процесот на селекција и управување со ефектот на врвното раководство во администрација, со што ќе се намали политичкото влијание.

Согледувајќи го проблемот дека институциите во ист сектор функционираат нехармонизирано од аспект на поставување цели, преземање мерки за реализација на заедничките цели и комуникација во реализацијата, работевме на воведување на модел за секторска отчетност во два сектори: секторот на образование и

наука, и секторот на труд и социјална политика. Најпрвин, врз основа на наоди од компаративни анализи, анализа на постојната законска и организациска рамка, но и спроведување интервјуа со институциите, изработивме анализа на организациската поставеност и линии на отчетност во државните институции. Врз основа на анализата, изработивме општа процедура за стратешка отчетност која може да се користи за да се пилотира нов модел на стратешка отчетност.

Серија од повеќе работилници беа организирани со цел да се модерира процесот на стратешко планирање во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, и да се прилагоди кон новиот модел на стратешка отчетност кој ги вклучува другите институции во секторот и ги тангира нивните индивидуални планови во однос на реализација на заедничките стратешки цели. Во оваа проектна компонента организиравме и две обуки (едната за анализа на политики, а другата за мониторинг и евалуација) за претставници од државните институции, кои беа спроведени од меѓународни експерти од MDF, Холандија.

Со цел размена на искуства од најдобри пракси, организиравме студиска посета во Лондон, со високи претставници од нашите институции. Во делот на подобрување на системот за управување со човечки ресурси, работевме на спроведување на функционална анализа во Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, вклучувајќи и изработка на планови за подобрување врз основа на функционалните анализи и внатрешни акти во Секретаријатот за европски прашања. Исто така, беше дадено поддршка и на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука во подготовка на нов акт за систематизација и внатрешна организација врз основа на спроведената функционална анализа. Во 2019 година се објави националниот портал за јавни услуги uslugi.gov.mk. Порталот во позадина користи податоци од Каталогот на јавни услуги, а дел од нив беа пополнети со поддршка на овој проект.



## РЕАЛИЗИРАНО

- ✓ 2 спроведени функционални анализи во секретаријатите на Владата
- ✓ 2 одржани работилници за спроведување на Методологијата за функционална анализа
- ✓ 3 организирани студиски посети во земји членки на ЕУ со претставници на државните институции
- ✓ Над 600 јавни услуги попишани во Каталогот на услуги, вклучувајќи ги сите информации за услугите кои се потребни за граѓаните
- ✓ Над 70 закони анализирани во однос на можностите за подобрување на јавните услуги
- ✓ 5 нацрт-подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за висока раководна служба
- ✓ 50 учесници на обуки за анализа на политики, и мониторинг и евалуација
- ✓ 60 учесници на работилници за стратешко планирање во МТСП и МОН
- ✓ 2 изработени процедури за секторска стратешка отчетност

# ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Проектот „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавните услуги“, кој успешно го заокруживме во 2019 година, директно придонесе да се зголеми учеството на граѓанските организации во реформата на јавната администрација, како приоритетна реформа за членство во Европската Унија.

Проектот воспостави Мрежа на граѓански организации за дијалог со администрацијата и активно учество во процесите на креирање на политики поврзани со јавните услуги. Вкупно 18 организации членуваат и активно учествуваа во мрежата, при што ги следеа реформите и проблемите во испораката на јавните услуги на централно и локално ниво, но и соработуваа со Министерството за информатичко општество и администрација и други централни институции. За поефикасна комуникација во однос на јавните услуги, организациите го осмислија и концептот на алатката www.javniuslugi.mk која овозможува граѓаните да оставаат мислење за повеќе идентификувани јавни услуги, како и јавна статистика.




Комуникацијата меѓу администрацијата - одговорна за испорака на јавните услуги, политичкото ниво, стручната јавност – академскиот и граѓанскиот сектор и граѓаните, продолжи преку неколку јавни настани на кои отворено се дискутираа проблемите и предложените решенија за подобрување на достапноста и испораката на јавните услуги. Од нив произлегоа конкретни препораки и публикации кои треба да служат како водич во реформата на јавните услуги според потребите на граѓаните.

Проектот го комплетираше Каталогот на јавни услуги со податоци за 700-тини услуги, кои беа извадени од правните акти кои ги регулираат услугите. Денес Каталогот е дел од Националниот портал за услуги uslugi.gov.mk, кој е достапен за граѓаните и им овозможува на едно место да ги најдат информациите кои ги попиша проектот и се однесуваат на надлежни институции за услугите, потребни документи, формулари, рокови за испорака итн. Каталогот на услуги е првиот збирен список во кој се попишани сите јавни услуги во државата.

Покрај внесувањето на податоците за услугите во Каталогот, ЦУП и тимот на правни експерти подготвија анализа на законите кои регулираат јавни услуги, со препораки за подобрување на правната рамка за обезбедување на поефикасни и поедноставни јавни услуги. Препораките од сите анализи и истражувања на проектот резултираа во сеопфатен Патоказ за подобрување на јавните услуги од технички, правен и организациски аспект.

Објавените публикации во рамки на проектот „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавните услуги“ се достапни на линкот: http://www.cup.org.mk/projectspage.php?id=27




## РЕАЛИЗИРАНО

- ✓ Комплетирана содржината на Каталогот на услуги која денес е достапна за граѓаните на порталот www.uslugi.gov.mk
- ✓ Над 700 јавни услуги попишани во Каталогот на услуги, вклучувајќи ги сите информации за услугите кои се потребни за граѓаните
- ✓ Над 80 закони анализирани во однос на можностите за подобрување на јавните услуги
- ✓ 18 граѓански организации вклучени во активен дијалог со надлежните институции за подобрување на испораката на јавните услуги
- ✓ 1300 граѓани по телефонски пат и 250 корисници на терен беа анкетирани за задоволството од испораката на јавните услуги
- ✓ 6 издадени публикации кои даваат насоки за подобрување на јавните услуги

# ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ БАЗИРАНИ НА ДОКАЗИ ВО СЕКТОРОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ




Со Министерството за образование и наука работиме на подобрување на неговата аналитичка функција со цел развој на подобри јавни политики во областа на образование и наука базирано на докази.

Проектот го спроведуваме во две компоненти: едната компонента се однесува на воспоставување и развој на аналитичкото одделение, додека втората компонента се однесува на унапредување на главните информациски системи во секторот на образование, ЕМИС и Е-Дневник системите.

Со цел дефинирање на аналитичката функција, првично спроведовме функционална анализа на Министерството за образование и наука и дадовме препораки за подобрување на систематизацијата и организацијата на Министерството, како и вградување на аналитичката функција преку посебно одделение.

Почнавме со подготовки за воспоставување на аналитичкото одделение преку процедури за регрутација на кадар и процедури за работа на одделението кои ќе вклучат постапки како да се прибираат и разменуваат податоци, но, и да се изработуваат истражувања врз основа на податоци.

Спроведовме обука на претставници на Министерството, за развој анализа и евалуација на политики, што ќе користи за зацврстување на аналитичката функција.

Во ИТ компонентата на проектот ангажиравме експерти од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Експертите одржаа серија на состаноци и интервјуа со институции од секторот на образование, со цел да ги увидат постојните практики за прибирање и размена на податоци кои се клучни за образовните политики.

Експертите ги анализираа функционалностите на централните информациски системи: ЕМИС и Е-Дневник, од аспект на техничка и визуелна перспектива, за да дадат препораки за подобрување на системите. Беа организирани две работилници со сите релевантните институции од областа на образованието во септември и декември 2019 година, за да се идентификуваат недостатоците на системите и да се дискутира за можните препораки за нивно подобрување.

Врз основа на состаноците, работилниците, спроведена анкета и анализа на најдобри практики беа изработени препораки за подобрување на системите од визуелен и технички аспект, заедно со технички спецификации за набавка на надградбите на системите. Надградбата на системите се однесува на функционалноста, надградбата на системите, организациските аспекти во одржување на системите и размената на податоци меѓу институциите, а во насока на унапредување на аналитичката функција на Министерството.

Како дополнителна активност во оваа компонента, го поддржавме Министерството за Образование и Наука во имплементација на реформите за кариерниот развој на наставниците врз основа на новите законски измени, преку изработка на техничка спецификација на систем за кариерно унапредување на наставници кој ќе се набави од страна на Министерството.



## РЕАЛИЗИРАНО:

- ✓ Спроведена функционална анализа на МОН
- ✓ Изработени измени на систематизацијата на МОН врз основа на функционалната анализа, и со цел воспоставување на аналитичко одделение
- ✓ 30 учесници од МОН на обука за развој, анализа и евалуација на политики
- ✓ Изработена процедура за функционирање на аналитичкото одделение
- ✓ 50 учесници на 2 работилници за подобрување на системите ЕМИС и Е-Дневник
- ✓ 100 администратори од училиштата анкетирани за идентификување на недостатоците на системите ЕМИС и Е-Дневник
- ✓ Изработена техничка спецификација за надградба на системите ЕМИС и Е-Дневник
- ✓ Изработена техничка спецификација за набавка на систем за кариерно напредување на наставници

Со проектот „Мои пари, моја одговорност: Партиципативно раководење со буџетот на општините во Македонија", спроведуван од неформалната мрежа FISCAST и финансиран од страна на USAID, имаме за цел да ги промовираме принципите на отворено владино партнерство и создавање на средина во која што политичкиот дијалог, транспарентноста и отченоста на општините се предуслов за приближување на земјата кон европските стандарди на владеење со што ќе придонесе кон јакнење на интегритетот на националните и локалните самоуправи. Оваа година работевме на подобрување на праксата за учество на локалните засегнати страни и граѓаните во процесот на локално буџетирање и зголемување на ефикасноста на трошењето на општински пари. Проектот придонесе значително да се зголемат:

- Учеството на локалните заинтересирани страни – граѓанското општество, бизнис заедницата, граѓаните, локалните медиуми – во процесите на локално буџетирање;
- Свеста на локалното население за тоа како трошењето на општинските пари влијае на квалитетот на нивниот живот;
- Кредибилитетот и ефикасноста на одлуките на локалните власти во врска со трошењето на јавните пари, како и подигање на свеста за потребата од транспарентност во врска со тоа;
- Праведноста и ефикасноста на трошењето на буџетските средства на локално ниво под будното око на граѓаните.



Центарот за управување со промени спроведе активности за постигнување на целите на проектот:

- Отворивме информативно катче во општината, каде што граѓаните можат да дојдат во секое време и да се информираат за процесот на учество во креирањето на буџетот;
- Организиравме презентација на Економскиот факултет во Скопје под наслов „Јас и буџетот на општината – направете вашиот глас да се слушне", која беше наменета за студентите и професорите на Економски факултет во Скопје, за да им се предочи важноста и придобивките од вклучувањето во процесот на партиципативното буџетирање, формите

на неговото спроведување како и потребата за транспарентност при спроведувањето на овој процес. Потребата за нивно вклучување во креирањето на буџетот на општината им беше објаснета од професорот по економија Борче Треневски како и од раководителот на сектор за финансии во Општина Ѓорче Петров, Драгица Тодоровска, во насока на тоа да бидат информирани со што се соочува Општината во процесот на изработка на општинскиот буџет.

Заедно со општинската администрација ја реализиравме јавната дебата под наслов „Каков ќе биде буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година?“ која овозможи партиципативно буџетирање со вклученост на повеќе од 150 присутни граѓани и засегнати страни кои работат на територија на Општина Ѓорче Петров. На јавната дебата беше споделен и Прирачникот за учество во буџетскиот процес во општините, кон чија изработка свој придонес даде и Центарот за управување со промени.




## РЕАЛИЗИРАНО:

- ✓ Изработен прирачник за процесот на партиципативно буџетирање
- ✓ 5 бизнис компании, 1 социјална установа, 2 здравствени институции како и 4 образовни институции вклучени во процесот на партиципативното буџетирање
- ✓ Отворено информативно катче за потребите граѓаните во рамки на Општината
- ✓ Одржана јавна презентација на Економскиот факултет во Скопје под наслов „Јас и буџетот на општината – направете вашиот глас да се слушне“
- ✓ Одржан Регионален форум под наслов „Општината и граѓаните заедно кон подобар буџет“
- ✓ Реализирана Јавна дебата под наслов „Каков ќе биде буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година?“ со отворена дискусија помеѓу градоначалникот и граѓаните на Ѓорче Петров

Центар за управување со промени активно работи на јакнење на парламентарната демократија. Во текот на 2019 година го помогна поместувањето на Собранието на Република Северна Македонија кон поголема независност од извршната власт и јакнењето на законодавната и надзорната улога на Собранието.




# ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА

Програмата за парламентарна поддршка е долгорочна помош за Собранието на Република Северна Македонија (Собранието) во неговите напори за независност преку градење на консензус, структурни реформи и градење на капацитетите за институционален развој на Собранието, неговата законодавна и надзорна улога, неговата институционална транспарентност и отчетност. Програмата ја спроведуваат Центарот за управување со промени (ЦУП), Националниот демократски институт (НДИ) и Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) со цел да го зајакнат институционалниот систем за проверка и рамнотежа (checks and balances), да се подобри квалитетот на законите засновани на добри аналитички информации според предвидлив собранисен календар, како и поактивно да се вклучат граѓаните во работата на Собранието, особено маргинализираните групи граѓани.

ЦУП значајно придонесе за постигнување поголема независност на статусот на Собраниската стручна служба и нејзината работа, преку активно учество во дискусиите за измените на Законот за Собранието. ЦУП ја спроведе и проценката на влијанието на регулативата за овие законски измени, со што тие се вклопија во постоечките законски решенија, но сепак ги намалија условите за влијанија врз работата на службата и обезбедија поголема ефикасност на службата и Собранието. Во рамки на проектот исто така го водиме Собранието низ процесот на имплементација на моделот Заедничка рамка за проценка (CAF), преку кој процес работна група спроведува самоевалуација на работењето на Собранието и предлага мерки за подобрување. Мерките за подобрување се разгледуваат од раководството и се приоритизираат оние за кои се изработува акциски план за подобрување.

ЦУП е активно вклучен во процесите на дигитализација на Собранието, што вклучува набавка и инсталација на компјутерска и мрежна опрема, како и набавка на повеќе софтверски решенија со кои ќе се автоматизираат дел од работните процеси на Собранието. Дел сме од експертска работна група која вклучува и

меѓународни експерти од Естонија, Литванија, Швајцарија и САД, која работи на анализа на моменталната состојба од ИКТ перспектива во Собранието, и предлагање на краткорочни и долгорочни мерки за подобрување на состојбите. Работната група работи на подготовка на технички спецификации со кои ќе се набави нова компјутерска и мрежна опрема, и ќе се набават и надградат софтверски решенија, како што се Е-Парламент системот, систем за управување со документи, нова веб-страница и сл.

Особено сме вклучени во имплементација на концептот на отворени податоци во Собранието, преку идентификација на податочни сетови кои може да бидат објавени како отворени, спроведување компаративна анализа на најдобри практики на објавување отворени податоци од Собранието, и конечно специфицирање и имплементација на портал за отворени податоци на Собранието.

## РЕАЛИЗИРАНО

- ✓ Постигнат консензус меѓу политичките партии за поголема независност на Собранието и усвоен предлог Закон за измени и дополнување на Законот за Собранието
- ✓ 15 вработени во стручната служба на Собранието обучени за спроведување на проценка на влијание на регулативата
- ✓ Над 100 мерки предложени за подобрување на работењето на Собранието преку процесот на CAF
- ✓ Попишана е сета компјутерска и мрежна опрема со која располага Собранието



# НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ ПОМЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА

ЦУП континуирано спроведува мерки за поттикнување и промоција на претприемништвото, особено на женското претприемништво, подобрување на бизнис климата и развој на малите и средни претпријатија преку активностите во проектите кои имаат за цел социо-економски развој на државата.

Во 2019 година успешно го завршивме проектот „Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните мали и средни претпријатија во земјата". Преку активностите на проектот придонесовме кон остварување на неговите главни цели, пред сè за: намалување на технолошкиот јаз помеѓу домашните и странските компании и изградба на професионални стандарди и воспоставување и надградување на партнерствата помеѓу домашните и мултинационалните компании кои работат во нашата земја.

Успешно ја реализиравме менторската програма како главна активност во проектот. Преку менторската програма овозможивме подигнување на стандардите на работење кај 12 домашни претпријатија и на тој начин ги доближивме до барањата на МНК со што како крајна цел се оствари соработка и вмрежување на дел од овие компании. Менторската програма е ефективна алатка за зголемување на капацитетот за стандардизација и лиценцирање, зголемување на иновациите и капацитетот за истражување и развој и поттикнување на имплементацијата на нови технологии.

Програмата за менторирање вклучи 6 месеци менторски сесии, преку кои се овозможи трансфер на знаење, имплементирање на стандарди, лиценцирање, истражување и развој, развој на човечки капитал и сл., со цел зајакнување на работата на домашните компании и нивно приближување до барањата и потребите на мултинационалните компании. Како резултат на оваа активност успеавме да оствариме поврзување и соработка помеѓу шест домашни компании со МНК во земјата.

Како зајакнување на процесот на менторската програма и согласно идентификуваните бариери на стандардизација беа спроведени и 5



обуки за професионални стандарди. Обуките се однесуваа на следните теми: Воведување на ИСО 9001, Клучни индикатори на перформансите, Стратешко планирање, Шест сигма стандард, Управување со ризици.

Со цел да се оствари поголемо вмрежување и поврзување на домашните и мултинационалните компании, реализиравме и неколку заеднички настани. Еден од овие настани беше Средбата за вмрежување, на која учествуваа претставници на владини институции и околу 100 домашни и мултинационални компании. Овој настан овозможи информирање на МСП и МНК за владините мерки на поддршка на домашните и мултинационалните компании во земјата, но она што е најважно е дека беа дискутирани важни прашања кои претставуваат пречка во остварувањето на соработка меѓу МСП и МНК. Воедно овозможивме директни контакти и можности на директно претставување на домашните пред мултинационалните компании.

Во рамки на проектот во партнерство со асоцијацијата МАМЕИ го организиравме „Саемот за производители 2019“ и Б2Б средби помеѓу домашни и мултинационални компании. На саемот преку панел дискусија ги презентиравме активностите и резултатите од проектот. На саемот присуствуваа над 450 претставници на МСП и МНК и истите имаа можност да се запознаат подобро со можностите кои ги нуди проектот, како и со наодите од спроведените истражувања.

Ја изработивме и веб платформа www.kompanii.mk, преку која дополнително овозможивме поврзување на МСП и МНК, директни контакти и надминување на проблемот со недостаток со информации.



## РЕАЛИЗИРАНО

- ✓ 2 спроведени истражувања за потенцијалните вредности на домашните претпријатија и идентификување на бариерите во соработката со мултинационалните компании
- ✓ 5 модули на обуки одржани за развивање на маркетинг и менаџмент вештини кај домашните претпријатија
- ✓ 5 модули на обуки за развивање на професионални и технички стандарди во работењето организирани за домашните претпријатија
- ✓ 6-месечна менторска програма спроведена за 12 домашни претпријатија
- ✓ 4 заеднички настани за поврзување на домашните и мултинационалните компании
- ✓ Над 300 домашни и мултинационални компании вклучени во заеднички настани на поврзување и вмрежување
- ✓ Комплетирана on-line платформа достапна до сите домашни и мултинационални компании во земјата www.kompanii.mk




# РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ

Во текот на 2019 година во рамки на проектот „Развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област" успеавме да реализираме активности со кои го зајакнавме постоечкото женски претприемништво, но исто така дадовме поддршка во планирање и започнување на нови женски бизниси.

Успеавме да идентификуваме две групи од по 30 жени потенцијални претприемачки во Полошкиот регион. За истите обезбедивме обуки и техничка консултација за изработка на бизнис планови во процесот на отпочнување на сопствени бизниси. Дополнително идентификувавме група од 30 жени претприемнички со веќе постоечки бизнис. За оваа група обезбедивме поддршка во изработка на инвестициски бизнис планови со цел да ги унапредат своите бизниси. Најголемиот дел од овие жени ги изработија инвестициските планови и ги изградија своите вештини за раководење со бизнис.

Организиравме Б2Б средба на која присуствуваа околу 45 жени претприемнички од двете земји – Р. Северна Македонија и Албанија. На овој начин овозможивме размена на идеи за меѓусебна соработка, поврзување и унапредување на понатамошната соработка.

Изработивме физибилити студија за можностите за прекугранично тргување и соработка и беа идентификувани нови идеи за унапредување на мерките и политиките за развој на женското претприемништво.

Во делот на правни услуги и совети, организиравме 6-еднодневни обуки од областа на даноци и други обврски и одговорности кон државата, инспекции и контроли, како и обуки за прекугранично тргување со стоки и услуги, царински давачки и можности за соработка на двете страни на границата.

Како дополнување на овие обуки и поддршка на женските бизниси подготвивме прирачник од правната област, во облик на прашања и одговори за наведените теми. Организиравме дискусија на политики, каде што учесниците се усогласија и ги потврдија предлог мерките за развој на на женското претприемништво.

Обезбедивме информации за пристап до финансии за развој на бизнисите преку две работилници, од кои едната се однесуваше на достапност на фондови за жени претприемнички обезбедени преку владини мерки. Другата работилница се однесуваше на фондови достапни преки комерцијалните банки. Со помош на овие работилници се овозможи жените да се здобијат со подетални информации како можат да пристапат кон искористување на овие мерки со цел да го развијат својот бизнис и да инвестираат во проширување на постоечките бизниси.

## РЕАЛИЗИРАНО

- ✓ 60 жени потенцијални претприемачки вклучени во проектот и поддржани во идеите да развијат сопствени бизниси, 60% од нив изработија бизнис планови
- ✓ 30 жени со постоечки бизниси поддржани во развојот на нивните бизниси, 60% од нив изработија инвестициски планови
- ✓ 45 жени од двете земји учествуваа на Б2Б средбата
- ✓ 5 нови идеи за унапредување на мерките и политиките за развој на женското претприемништво
- ✓ 6 спроведени правни обуки
- ✓ 2 спроведени обуки за изработка на бизнис планови
- ✓ 2 одржани работилници за пристап до финансии



# ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ ОД ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

По десет години успешно функционирање и поттикнување позитивни промени во општеството, ЦУП во 2019 година започна и интерен развоен процес.

Институционалниот грант е поддржан од страна на програмата Цивика мобилитас, која е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), претставена од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија. Грантот му овозможува на ЦУП да спроведе активности за институционален развој и организациско јакнење, односно да ги подобри интерните процеси и организација. Првиот чекор во 2019 година беше мапирањето на историјата на организацијата и поврзувањето со плановите за иднината.

Според стратешките цели на ЦУП, тековно се подготвуваат и планови за развој на ЦУП, со кои ЦУП ќе ја зајакне позицијата на лидер во граѓанското општество кое е дел од креирањето на јавните политики и носењето одлуки од јавен интерес.

Овој проект го вклучува ЦУП во големото семејство граѓански организации на Цивика мобилитас, кое нуди можности за соработка, вмрежување, заедничко настапување и застапување идеи за подобро општество за сите.







„СВЕТОТ НЕ ГО МЕНУВААТ ДОБРИТЕ ИДЕИ,
ТУКУ НИВНАТА ПРИМЕНА”

Plotin

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# 01.01.2019 - 31.12.2019

## ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| 1. ПРИХОДИ ОД КАМАТИ И ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 5,138 ДЕН |
| 2. ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТНИ ГРАНТОВИ | 33,730,553 ДЕН |
| 3. ПРИХОДИ ОД СОПСТВЕНА ДЕЈНОСТ | 218,090 ДЕН |
| 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 361,305 ДЕН |
| 5. ПРИХОДИ ОД ОТПИС НА ОБВРСКИ | 1,271 ДЕН |
| 6. ПРЕНЕСЕН ПРИХОД ОД МИНАТАТА ГОДИНА | 15,133,028 ДЕН |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **49,449,385 ДЕН** |

## РАСХОДИ

| | |
|---|---|
| 1. ТРОШОЦИ ЗА БАНКАРСКА ПРОВИЗИЈА | 129,385 ДЕН |
| 2. ТРОШОЦИ ОД НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 50,803 ДЕН |
| 3. ТРОШОЦИ ЗА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 200,710 ДЕН |
| 4. СМЕТКОВОДСТВЕНИ УСЛУГИ | 121,577 ДЕН |
| 5. ТРОШОЦИ ЗА ОТПИС НА СИТЕН ИНВЕНТАР | 13,996 ДЕН |
| 6. УСЛУГИ ПО ДОГОВОР ЗА ДЕЛО | 4,682,269 ДЕН |
| 7. ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ | 8,518,551 ДЕН |
| 8. РЕВИЗОРСКИ УСЛУГИ | 184,478 ДЕН |
| 9. ТРОШОЦИ ЗА КИБС СЕРТИФИКАТ | 6,620 ДЕН |

| | |
|---|---|
| 10. ТРОШОЦИ ЗА ДИЗАЈН | 973,900 ДЕН |
| 11. ТРОШОЦИ ЗА БРУТО ПЛАТИ | 6,739,542 ДЕН |
| 12. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА | 177,371 ДЕН |
| 13. ТРОШОЦИ ЗА ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ, КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПРОЕКТИ | 344,582 ДЕН |
| 14. ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛИИ (СТРУЈА, ВОДА И СЛ) | 93,482 ДЕН |
| 15. ТРОШОЦИ ЗА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА | 3,750 ДЕН |
| 16. УСЛУГИ НА ПРЕПИС И ПРЕВОД | 5,243 ДЕН |
| 17. ПАТНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 1,011,657 ДЕН |
| 18. ТРОШОЦИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ, ФОТОКОПИРАЊЕ, ГРАФИЧКА ДЕЈНОСТ, УКОРИЧУВАЊЕ | 96,359 ДЕН |
| 19.ТРОШОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА | 204,228 ДЕН |
| 20. ТРОШОЦИ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ СЕРВИСНИ УСЛУГИ | 38,400 ДЕН |
| 21. ТРОШОЦИ ЗА НАЕМ НА ПРОСТОР, САЛИ И ОПРЕМА | 849,173 ДЕН |
| 22. ТРОШОЦИ ЗА ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ,ПОШТА,ТЕЛЕФОН | 183,202 ДЕН |
| 23. ТРОШОЦИ ЗА УГОСТИТЕЛСКИ И ХОТЕЛСКИ УСЛУГИ ЗА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 3,049,691 ДЕН |
| 24. ТРОШОЦИ ЗА СЕМИНАРИ, СОВЕТУВАЊА | 338,692 ДЕН |
| 25. ТРОШОЦИ ЗА ОПРЕМА, МАШИНИ, КОМПЈУТЕРИ И СЛ | 366,997 ДЕН |
| 26. КАНЦЕЛАРИСКИ НАБАВКИ | 100,534 ДЕН |

| | |
|---|---|
| 27. ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНАРИНИ | 3,673 ДЕН |
| 28. ТРОШОЦИ ЗА ВИДЕО ЗАПИС | 250,150 ДЕН |
| 29. ТРОШОЦИ ЗА ОБЈАВИ, ОГЛАСУВАЊА | 74,387 ДЕН |
| 30. ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ | 3,009,330 ДЕН |
| 31. ТРОШОЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА | 82,000 ДЕН |
| 32. ТРОШОЦИ ЗА ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 14,181 ДЕН |
| 33. ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 372,889 ДЕН |
| 34. ТРОШОЦИ ЗА ХИГИЕНА | 2,054 ДЕН |
| 35. ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 130,750 ДЕН |
| 36. ТРОШОЦИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ДРУГИ ТАКСИ | 6,497 ДЕН |
| 37. ТРОШОЦИ ЗА ДАНОЦИ | 27,768 ДЕН |
| 38. ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 72,094 ДЕН |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **32,530,965 ДЕН** |

| | |
|---|---|
| **ДАНОК НА НЕПРИЗНАТИ ТРОШОЦИ ЗА 2019 ГОДИНА** | **0 ДЕН** |
| **СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА 2020 ГОДИНА** | **16,918,420 ДЕН** |

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
**Phone:** +389 2 2 463 140
**Fax-No:** +389 2 2 462 063
**E-mail:** contact@ecovis.mk
**www.ecovis.com**

# Извештај на независниот ревизор

## До Раководството на Здружение за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Здружението за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ Скопје (ЦУП), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2019 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.
Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие

MEMBER OF THE
FORUM OF FIRMS

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
**Phone:** +389 2 2 463 140
**Fax-No:** +389 2 2 462 063
**E-mail:** contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЦУП со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЦУП. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи на ЦУП, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на ЦУП на ден 31 декември 2019 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 30 март 2020 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Кирил Андоновски

MEMBER OF THE
FORUM OF FIRMS